Број: 03-2404

17.12.2021 год

С к о п ј е

# ПРОТОКОЛ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ПРИЕМ И СТОМАТОЛОШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА

# ПАЦИЕНТИ ПОЗИТИВНА НА COVID-19 ВО ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН СКОПЈЕ

Изготвил,

Др.спец. Газменд Јусуфи

Билјана Шикоска, спец. по санитарно-хем.лаб.

контролирал

дипл.прав. Милена Спасеска

**ВД Директор,**

**m-r dr. spec.Arian Daci**

Доставено до:

- Архива на ЈЗУ УСКЦ
- Раководители

## 1. ЦЕЛ И НАМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ

Со овој Протокол се регулира постапката согласно која се извршува прием на пациенти позитивни на COVID-19 во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје (во натамошниот текст ЈЗУ УСКЦ),

Целта на овој Протокол е да овозможи максимална безбедност, заштита на сите учесници во процесот на извршување на здравствената услуга од областа на стоматологијата (пациенти, здравствени работници и помошен персонал).

## 2. ПРИМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ

Правилната примена на овој протокол треба да обезбеди континуирано, безбедно и сигурно пружање на стоматолошка здравствена заштита на пациентите позитивни на COVID-19 во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје во услови на пандемија

## 3. ТЕК НА АКТИВНОСТИ

Прием, прегледување и пружање на стоматолошки здравствени услуги на пацеенти позитивни на COVID-19, во ЈЗУ УСКЦ се врши под посебни услови.

Одговорни врботени за COVID-19 амбуланта се др.спец.Газменд Јусуфи и одговорна сестра Мимоза Велјановска

Прием, прегледување и пружање на стоматолошки здравствени услуги на пацеенти позитивни на COVID-19, се врши исклучиво по претходно закажаување на телефонскиот број

**078 380 529**

Др.спец. Газменд Јусуфи е задолжен за прием на повици од пациенти на тел.070 380 529 и во соработка со одговорната сестра ја организираат работата во COVID-19 амбулантата.

При закажувањето на пациентите позитивни на COVID-19 им се зема комплетна анамнеза и се проценува итноста на интервенцијата и според тоа се закажува точен термин за интервенција или се даваат препораки за домашно лекување.

Стоматолошките интервенции кај пациенти позитивни на COVID-19 се изведуваат исклучиво во **Ковид - амбуланта** која е специјализирана и соодветно опремена за таа намена, со посебен влез и изолирана од другите работни простории.

Во Ковид - амбулантата се вршат само интервенции кои ќе се проценат за итни и тоа:

- **крварење кое не престанува спонтано,**
- **јака болка од заб која не се смирува со аналгетици,**
- **оток и воспаление во пределот на усната празнина,**
- **трауматски повреди на забите .**

**4.ПРИЕМ НА ПАЦИЕНТИ**

Прием и пружање на стоматолошки здравствени услуги на пацենти позитивни на COVID -19 се врши секојдневно во зависност од анамнезата земена по телефон.

Прием и пружање на стоматолошки здравствени услуги на пацenti позитивни на COVID-19 во услови на пандемија се врши од стана на организиран тим кој го организираат одговорните во согласност од анамнезата земена по телефон,но по потреба може да се повика и друг тим по прегледот од докторот кој бил повикан.

Работно време во COVID-амбулантата со пациенти позитивни на COVID-19 е

od 08:00-15:00часот,по потреба работното време се менува во согласност со потребите на пациентот.

Заштитната опраме опфаќа скафандер наменет за работа со пациенти позитивни на COVID -19, заштитна капа, специјална маска со заштита FFP3 или N95 , заштитни наочари и визир, два пара ракавици и заштитни каљачи или повисоки заштитни обувки сспецијализирани за таа намена.

Облекувањето пред интервенцијата и соблекувањето по интервенцијата на заштитната опрема треба да биде по одреден редослед утврден од страна на СЗО за што секој медицински работник должен е да се информира и истиот да го усвои.

Употребената заштитна опрема после интервенцијата се става во посебни кеси за инфективен материјал и се фрла во инфективниот отпад.

Закажаниот пациент треба да пристигне во Клиничкиот центар во точно договорениот термин, со заштитна опрема (маска и ракавици), на посебниот влез за пациенти позитивни на COVID -19, кој се наоѓа на десната страна по влегување од главниот влез на Клиничкиот центар .

Пациентот го пречекува одговорната сестра на Ковид - амбуланта, за да се спречи контакт со останати лица.

Доколку пациентот е придружуван од друго лице, истото задолжително мора да носи заштитна маска и ракавици, но не влегува во Клиничкиот центар туку останува да чека надвор, дистанцирано од други пациенти (дозволена придрузба во одредени услови).

Одговорната сестра задолжително пополнува амбулантен дневник(задолжително е пополнуваат сите полиња)

Пред интервенцијата пациентот ја испира устата со 3% хидроген или 0,2% повидон-јодид.

Терапијата која ќе се спроведува треба да биде соодветна на потребите на пациентот и да се изведе во што е можно пократок временски период.

По интервенцијата пациентот веднаш треба да ги напушти просториите на клиничкиот центар и што пократко време да се задржува во него.

## 5. СТЕРИЛИЗАЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

По завршување на интервенцијата задолжително инфективниот материјал соодветно се складира во жолти вреќи (согласно законската регулатива)со ознака за биохард и истиот се изнесува според протокол. Се врши комплетна стерилизација на инструментариум и кварцање на ординацијата.

Интевенцијата треба да биде што пократка и по можност да се избегнува употреба на насадни инструменти кои предизвикуваат распрскување на аеросоли (турбина) или тоа да биде сведено на минимум.

Да се избегнува и употреба на пустерите, а ако е потребно да се испира со шприц со физиолошки раствор или со вода од чаша за еднократна употреба.

Персоналот кој е вклучен во интервенцијата (стоматолог и стоматолошка сестра) како и хигиеничарката потребно е да бидат заштитени со соодветна заштитна опрема препорачана од СЗО, со која се постапува согласно од овој протокол и истиот по интервенцијата се соблекува и складира во жолти вреќи според процедура.

Хигиеничарката го пребришува подот со соодветно средство за дезинфекција и крпа за еднократна употреба.

## 6. АДМИНИСТРАТИВНО ПОСТАПУВАЊЕ

Наплата се врши со упатства дадени по телефон од одговорниот Доктор. Се издава фискална сметка по завршување на интервенцијата .

По извршената наплата пациентот се упатува кон излезот од Клиничкиот центар, задолжително со придружба на вработен.

Овој Протокол стапува на сила веднаш со неговото донесување.

Се задолжуваат раководителите на клиниките и Секторот за административно правни работи да превземаат соодветни мерки со цел да ги запознаат вработените со содржината на овој Протокол.

Во сила се сите останати протоколи во ЈЗУ УСКЦ кои се однесуваат на Covid-19.

**НАПОМЕНА:** Препораките од Протоколот ќе се менуваат и дополнуваат во согласност со препораките дадени од Министерството за здравство на РСМ, СЗО и СКМ .